***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 09.08.2024 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Домот на пензионери Демир Хисар со почеток во 11 $^{30}$ часот.

Во работата на советот учествуваа 6 (шест) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски и Сандра Пејковска присутни во салата, и советникот Филип Ангелевски во работата учествуваше со употреба на комуникациски средства, а отсутни беа советниците Сашо Михајловски, Марина Димитријовска, Валентин Несторовски, Данила Давидевска и Јасмина Јовановска. На седницата присутен беше директорот на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар Александар Чорбевски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово општина Демир Хисар.
2. Донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, при тоа образложи, потребата за свикување на вонредна седница е заради давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за превоз на ученици со цел да може да се склучи договорот за меѓуопштинска соработка навреме пред започнување на школската година. Покрај оваа точка исто така имаше потреба и да се донеси Одлука за градежно занаетчиски работи заради проблемот со водоснабдувањето во Стругово. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поименично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. Предложениот Дневен ред беше усвоен со 6 „за".

***ТОЧКА 1. Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово општина Демир Хисар***

Како што беше и на самиот почеток објаснето потребата за донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово општина Демир Хисар е со цел решавање на проблемот со водоснабдување во с.Стругово објасни претседателот на Советот Љупчо најдовски. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поименично

произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. Одлуката беше донесена со 6 „за“.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола***

Во врска со Одлуката за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола објаснување имаше директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. Одлуката беше донесена со 6 „за“.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-771/3
27.08.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.

Лист за поименично гласање за акти од  вонредна седница одржана на 09.08.2024 година, согласно дневниот ред

***Дневен ред за вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар***

| Име и презиме | | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Љупчо Најдовски** | | | |
| 2 | **Аце Јанкуловски** | | | |
| 3 | **Марина Димитријовска** | | | |
| 4 | **Сандра Пејковска** | | | |
| 5 | **Сашо Михајловски** | | | |
| 6 | **Валентин Нестороски** | | | |
| 7 | **Даниела Давидевска** | | | |
| 8 | **Филип Ангелевски** | | | |
| 9 | **Јордан Кромидаровски** | | | |
| 10 | **Магдалена Вељановска** | | | |
| 11 | **Јасмина Јовановска** | | | |

Лист за поименично гласање за акти од  вонредна седница одржана на 09.08.2024 година, согласно дневниот ред

***Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за изведба на армирано-бетонска шахта со приклучни железно фасонски делови и вертикална центрифугална пумпа за н.м. Стругово општина  Демир Хисар***

| Име и презиме | | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Љупчо Најдовски** | | | |
| 2 | **Аце Јанкуловски** | | | |
| 3 | **Марина Димитријовска** | | | |
| 4 | **Сандра Пејковска** | | | |
| 5 | **Сашо Михајловски** | | | |
| 6 | **Валентин Несторoски** | | | |
| 7 | **Даниела Давидевска** | | | |
| 8 | **Филип Ангелевски** | | | |
| 9 | **Јордан Кромидаровски** | | | |
| 10 | **Магдалена Вељановска** | | | |
| 11 | **Јасмина Јовановска** | | | |

Лист за поименично гласање за акти од   вонредна седница одржана на 09.08.2024 година, согласно дневниот ред

***Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на ценовник за превоз на ученици врз основа на одлуката за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола***

| Име и презиме | | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Љупчо Најдовски** | | | |
| 2 | **Аце Јанкуловски** | | | |
| 3 | **Марина Димитријовска** | | | |
| 4 | **Сандра Пејковска** | | | |
| 5 | **Сашо Михајловски** | | | |
| 6 | **Валентин Несторoски** | | | |
| 7 | **Даниела Давидевска** | | | |
| 8 | **Филип Ангелевски** | | | |
| 9 | **Јордан Кромидаровски** | | | |
| 10 | **Магдалена Вељановска** | | | |
| 11 | **Јасмина Јовановска** | | | |